Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 195/0306
20.04 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 април 2021 година, врз основа на примена жалба од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ за интернет – порталот „Мактел“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 26 април 2021 година, политичката партија ВМРО-ДПМНЕ поднесе жалба за текстот со наслов „(Видео) Ѓубре ѓубросано анти македонско: Мицковски повика на бојкот на пописот!“, објавено на 26 април 2021 година, на интернет - порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека во објавениот текст има елементи на говор на омраза и навреда.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, инициираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Мактел“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Уредникот на „Мактел“, Саше Ивановски, одговори дека е свесен дека во оспорениот текст бил употребен пожесток вокабулар и дека поради тоа, како медиум, биле подготвени да му се извинат на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски, доколку бил навреден од таквите зборови. Ивановски нагласува дека, за време на гостување на национална телевизија, Мицкоски, практично, повикал на бојкот на пописот, што како медиум, го сметале за неодговорен и антимакедонски чин за лидер на толку голема партија. Тој цени дека, како јавна личност, лидерот на опозицијата треба да биде навикнат на жесток вокабулар во медиумите за неговите постапки.

*„За споредба, самата партија, чиј лидер е тој, издава соопштенија во кои политичките противници се наречени убијци, џелати, криминалци, мафијаши, а пак новинарите блиски до власта се наречени слуги платеници итн... Кога веќе има таков стандард на однесување на Мицкоски не треба да му смета таков вокабулар насочен кон него“,* вели уредникот на „Мактел“ во одговорот на жалбата, потенцирајќи ја подготвеноста, како медиум, да му се извинат на Мицкоски и, како што додава, во иднина да внимаваат кога ќе упатуваат критики кон него.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата, политичката партија ВМРО-ДПМНЕ информираше дека прифаќаат постапката да биде затворена по пат на помирување во рамките на покренатиот процес на медијација од страна на Советот за етика. Од Центарот за комуникации на партијата информираа дека новинарот на „Мактел“, Саше Ивановски, јавно му се извинил на г-нот Мицкоски, за време на прес – конференција што лидерот на ВМРО-ДПМНЕ ја одржал на 6 април, 2021 година.

*„По јавното извинување на прес конференцијата од страна на посочениот новинар, сметаме дека истото е доволно, како и понатамошно продолжување на постапката од Ваша страна нема да биде потребно“,* појасниja од ВМРО-ДПМНЕ.

Советот за етика го затвори случајот и, воедно, констатираше дека уредникот на „Мактел“, непосредно пред крајот на споменатата прес-конференција, му се извинил Мицкоски.[1]

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат и признаат пропустите во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

[1] https://www.youtube.com/watch?v=aqVgolew_dI

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595